# ЕДНОДНЕВНА ПОСЕТА НА ВРАЊЕ, ВРАЊСКА БАЊА И ВЛАДИЧИН ХАН

Врање е градот на чочекот, меракот и севдалинките, градот на Бора Станковиќ и Коштана.Тој е најјужниот град во Србија,кој се наоѓа во Врањската котлина на 50 километри од границата со Македонија.

Поаѓање за Србија во раните утрински часови.Патот води преку граничниот премин Табановце со кратки попатни паузи за обавување на царински формалности.Пристигнување во Врање.

Како да се започне посетата на Врање, ако не со приказната за Бора Станковиќ,познатиот писател и уште попознатите негови дела: Нечиста крв, Коштана, Стари денови...Куќата во која Бора Станковиќ израснал со неговата баба, денес е претворена во музеј, која е неизоставна локација на секој турист кој ќе дојде во Врање.

Она што исто така треба да се види при посетата на овој град  се и Народниот музеј, Белиот мост, кој импресионира со неговата приказна за несреќната љубов на младата Ајша и српскиот пастир Стојан.

Во околината на Врање на 750 метри надморска височина се наоѓа еден од најстарите споменици, тврдината Марково Кале, изградена во 13 век и која, според легендата, била град на Крале Марко.

Следна неизоставна дестинација,која треба да се посети е Врањска Бања, која ја поседува најтоплата минерална вода во Европа, чија температура се движи од 94 до 114°C и се одликува со исклучително лековити својства (успешно помага во лекување на сите облици на ревматизам, невролошки заболувања, посттрауматски состојби, болести на органите за варење, гинеколошки и кожни заболувања).

Заокружување на патувањето ќе биде посетата на Владичин Хан, мало и убаво место во близина на Врање.

Можност за организирање на факултативен ручек во Врање или Владичин Хан.

Во попладневните часови тргнување кон Скопје.

| ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: |
|---|
| 500,00 ДЕНАРИ / АВТОБУС |
| 700,00 ДЕНАРИ / МИНИБУС |

Во цената на аранжманот е вклучено:

* Превоз на наведената релација со туристички автобус/минибус
* Организација и реализација на патувањето

АПЕКС ФОР ДООЕЛ Скопје
Ул. 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: ++ 389 2 246 50 58 м: ++ 389 75 46 99 58; ++389 76 49 09 74
apexfour@gmail.com www.apex4travel.mk
Лиценца А